ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 03 - 371/21
08.07.2026 201 год.
СКОПЈЕ

# ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
# Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

*ул. 1732 бр.4, Комплекс Парк Резиденс, Ламела А, Скопје - Центар, Р.Северна Македонија*

О Б Ј А В У В А

## ПОКАНА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ЈАВНА ПОНУДА (КОРПОРАТИВНА ОБВРЗНИЦА І-ВА ЕМИСИЈА) / FTESA PËR REGJISTRIM DHE PAGESË TË LETRAVE ME VLERË TË BORXHIT AFATGJATË PËRMES NJË OFERTË PUBLIKE (EMITIM I I OBILIMEVE TË KORPORATËS)

1. Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност задолжително содржи предупредување дека: / Ftesa për regjistrim dhe pagesë të letrave me vlerë në mënyrë obligative përmban paralajmërim se:

   Поканата за запишување и уплата содржи само основни податоци за издавачот и за хартиите од вредност кои се предмет на понудата. / Ftesa për regjistrim dhe pagesë përmban vetëm të dhëna bazë për emetuesin dhe për letrat me vlerë që janë lëndë e ofertës. Поканата за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница і-ва емисија) на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје претставува извадок од Проспектот и содржи само основни податоци за издавачот и за хартиите од вредност кои се предмет на понудата.

   Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност се содржани во Проспектот. ./ Të gjitha të dhënat tjera relevante të cilat i mundësojnë blerësit të letrave me vlerë të bëjë vlerësim të punës juridike, financiare dhe afariste të emetuesit, për rrezikun e investimit dhe për të drejtat të cilat rrjedhin nga letrat me vlerë, janë të përmbajtura në prospektin.

   Одлуката за инвестирање во хартиите од вредност треба да е заснована на целосната содржина на Проспектот, кој е достапен бесплатно на местата на запишување на хартиите од вредност и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје./Vendimi për të investuar në letra me vlerë duhet të bazohet në përmbajtjen e plotë të Prospektit, i cili është i disponueshëm falas në vendet e regjistrimit të letrave me vlerë dhe në faqen e internetit të Bursës së Aksioneve të Maqedonisë AD Shkup.



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

2. Покрај предупредувањето од точка 1 поканата за запишување и уплата на хартии од вредност ги содржи и следните податоци:/ Krahas paralajmërimit nga pika 1, ftesa për regjistrim dhe pagesë të letrave me vlerë i përmban edhe të dhënat në vijim:

**2.1. Податоци за издавачот:/Të dhëna për emetuesin:**

- **Полн назив, фирма и седиште на издавачот; / emërtimi i plotë, firma dhe selia e emetuesit;**
  Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 1732 бр.4, Комплекс Парк Резиденс, Ламела А, Скопје - Центар, Р.Северна Македонија
  тел: 13333
- **Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото; / data e regjistrimit në regjistrin tregtar dhe numri amë i shoqërisë;**
  Запишано во трговскиот регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија и датум на основање 25.07.2017 година.
  ЕМБС на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е 7221290.
- **Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време:/ data e themelimit të shoqërisë dhe koha për të cilën është regjistruar shoqëria, përveç kur është e themeluar për kohë të pacaktuar:**
  Согласно Законот за трговски друштва, Друштвото е регистрирано под ЕМБС 7221290 од 25.07.2017 година на неопределено време.
- **Правна форма на друштвото; / forma juridike e shoqërisë;**
  ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е организирано како друштво со ограничена одговорност основано од едно лице согласно Законот за трговски друштва.
  Друштвото работи врз основа на Законот за финансиски друштва, Законот за трговски друштва, Закон за облигационите односи и сите други законски и подзаконски акти релевантни за неговото работење.
- **Основни дејности на издавачот; / veprimtaritë bazë të emetuesit;**
  Согласно податоците од Тековната состојба на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, основната, односно приоритетната дејност на Друштвото е Друго кредитно посредување (главна приходна шифра 64.920).
  Согласно пречистениот текст на Изјавата за основање на финансиско друштво со ограничена одговорност, предметот на работење на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е одобрување на кредити, кои претставуваат и основни категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години.
- **Износ на основната главнина и број, род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба;/ shuma e principalit themelor dhe numri, gjinia dhe klasa e letrave me vlerë nga të cilat përbëhet principali themelor me gjendje në ditën e bilancit të fundit të gjendjes dhe gjendjen pas ndryshimeve në principalin themelor që kanë ngjarë pas përpilimit të bilancit të fundit të gjendjes;**
  Основната главнина на друштвото претставува паричен влог на единствениот содружник – ИУТЕ ГРУП АС Естонија.
  Согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2022 година, основната главнина на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје изнесува 2.950.100,00 евра.
  Согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2023 година, основната главнина на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје изнесува 3.400.100,00 евра.



ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,
застапувано од Биљана Мишиќ,
Управител

Согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2024 година, основната главнина на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје изнесува 3.900.100,00 евра.

Согласно ревидираните финансиски извештаи со состојба на 31.12.2025 година, основната главнина на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје изнесува 3.900.100,00 евра.

Со состојба од денот на изготвување на Проспектот, податоците се непроменети. Според последната тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар во Скопје, основната главнина изнесува 3.900.100,00 евра.

Подолу е даден табеларен приказ за целокупната структура на капиталот на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со состојба на 31.12.2022, 31.12.2023, 31.12.2024 и 31.12.2025 година:

| **Капитал** | **2022 (000 МКД)** | **2023 (000 МКД)** | **2024 (000 МКД)** | **2025 (000 МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Капитал на сопствениците | 181.668 | 209.341 | 240.089 | 240.089 |
| Законски резерви | 4.189 | 14.662 | 16.289 | 96.965 |
| Останати резерви | - | - | - | - |
| Акумулирана добивка (загуба) | 10.475 | 1.577 | 122.312 | 226.724 |
| **Вкупно** | **196.332** | **225.580** | **378.640** | **563.778** |

**Податоците со состојба од 31.12.2022, 31.12.2023, 31.12.2024 и 31.12.2025 година се ревидирани од овластен ревизор.*

**2.2. Причините поради кои се врши понудата односно намената на средствата од понудата;/ Arsyet për shkak të së cilave bëhet oferta, respektivisht qëllimi i aseteve nga oferta;**

Основна причина за издавање на корпоративна обврзница е оптимизација на трошоците на финансирање и диверзификација и проширување на изворите на капитал. Очекуваниот нето износ на средства кои ќе се приберат врз основа на јавната понуда е 3.000.000,00 евра.

**2.3. Податоци за понудата на хартии од вредност;/ Të dhëna për ofertën e letrave me vlerë;**

- **Бројот и датумот на актот за издавање на хартии од вредност;/ Numri dhe data e aktit për emetim të letrave me vlerë;**

Одлука за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница)(прва емисија на обврзници), донесена од страна на единствениот содружник на Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ИУТЕ ГРУП АС, Талин, Естонија, донесена на 02.03.2026 година, архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/1 од 05.03.2026 година, изменета со Одлука за измена на Одлуката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница) (прва емисија на обврзници), архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/14 од 03.06.2026 година.

- **Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени;/ Të dhëna për pëlqimet dhe miratimet në bazë të së cilave letrat me vlerë do të emetohen;**

Одлуката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница)(прва емисија на обврзници), донесена од страна на единствениот содружник на Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ИУТЕ ГРУП АС, Талин, Естонија, донесена на 02.03.2026 година, архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/1 од 05.03.2026 година, изменета со Одлука за измена на Одлуката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница) (прва емисија на обврзници), архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/14 од 03.06.2026 година.



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

Издавањето на долгорочни должнички хартии од вредност – I-ва емисија на корпоративни обврзници на Друштвото ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е одобрено со решение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија бр. УП 1 10-76 од 05.06.2026 година.

- **Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);/ Numri i letrave me vlerë që emetohen dhe vlera nominale e letrave me vlerë (vlera individuale dhe totale nominale e emetimit);**

  Согласно Одлуката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница)(прва емисија на обврзници), донесена од страна на единствениот содружник на Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ИУТЕ ГРУП АС, Талин, Естонија, донесена на 02.03.2026 година, архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/1 од 05.03.2026 година, изменета со Одлука за измена на Одлуката за издавање долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница) (прва емисија на обврзници), архивски заведена кај ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје под број 0302-371/14 од 03.06.2026 година, се издаваат вкупно 30.000 (триесет илјади) лота обврзници со номинална вредност од 100 (сто) евра за лот по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата и вкупна номинална вредност на емисијата од 3.000.000,00 (три милиони) евра.

- **Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор;/ Çmimi me të cilin letrat me vlerë do të ofrohen, si dhe mënyra e përcaktimit të çmimit në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë;**

  Минималната цена по која купувачите ќе ги запишат и уплатат долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) изнесува 100 (сто) евра по лот во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплата.

  Понудата и запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје по моделот на одредување на минимална цена со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

  При давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот, БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата, на тој начин што приоритет добива налогот кој има повисока цена,при еднаква цена, приоритет добива налогот со поголема количина, а при еднаква цена и количина приоритет дава на налогот со порано време на внесување.

  По издавањето на обврзницата при секундарно тргување, цената на обврзницата се изразува како процент од номиналната вредност без акумулираната камата. Процентот се изразува со две децимални места. При секундарното тргување на обврзниците, осцен цената изразена како процент од номиналната вредност, купувачот на обврзниците треба да му ја плати акумулираната, но сеуште ненаплатена камата пресметана од денот на тргување согласно условите за пресметка на камата утврдени во Проспектот. Пресметката на акумулираната камата ја врши овластениот Депозитар.

- **Вкупна вредност на понудата;/ Vlera totale e ofertës;**

  Долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија), ќе се понудат по минимална цена од 100,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплата. Вкупната вредност на емисијата на 3.000.000,00 ЕУР.

- **Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена: датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на**



ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,
застапувано од Билјана Мишиќ,
Управител

Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година);/ Periudha kohore në të cilën oferta do të jetë e hapur: data e fillimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për regjistrim (dita, muaji, viti); data e fillimit të afatit për bërje të pagesës (dita, muaji, viti); data e përfundimit të afatit për bërje të pagesës (dita, muaji, viti);**

Постапката на продажба на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе отпочне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Решението на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на јавна понуда I-ва емисија на корпоративни обврзници.

ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје ќе ја објави Поканата за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија на **22.07.2026** година. Истовремено, ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје ќе ги објави Проспектот и Поканата за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) на нејзината интернет страница како и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност.

Датумот на започнување на рокот за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) е 14 календарски дена по објавата на Поканата за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија), односно на **05.08.2026** година.

Датумот на завршување на рокот за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) е 90 (деведесет) дена од денот на започнување на запишувањето и уплатата на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница I –ва емисија), односно на **02.11.2026** година.

- **Опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност, утврдена согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;/ Përshkrim i procedurës së regjistrimit dhe pagesës të letrave me vlerë, e përcaktuar në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës do të bëhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë, dhe rregullat e një depozitari të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit;**

Постапката за продажба на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) се уплатуваат во пари, а уплатата се врши наеднаш.

Понудата и запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје по моделот на одредување на минимална цена со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

При купувањето, секој купувач пополнува уписница која се дава истовремено со давањето на налогот за купување на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое уплатило средства за купување на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница I –ва емисија) кои се предмет на јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Проспектот за издавање на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) на ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје.

- Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност;
- Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги;
- НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност;
- ТТК Банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност;
- ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје;
- ЕУРОХАУС АД Скопје;
- Илирика Инвестментс АД Скопје;
- Иново Брокер АД Скопје;
- Фершпед Брокер АД Скопје;
- Шпаркасе банка АД Скопје – Служба за работа со хартии од вредност;
- Халк банка АД Скопје

Доколку пред истекот на рокот за продажба на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (I-ва емисија на корпоративни обврзници) кои се предмет на јавната понуда се продадат 100% од понудените долгорочни должнички хартии од вредност (I-ва емисија на корпоративни обврзници) кои се предмет на јавната понуда, Друштвото ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

При утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница I –ва емисија) од понудените во јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

- **Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;/ Procedura për shpërndarje të letrave me vlerë në rast se janë të regjistruara dhe/ose të paguara më tepër letra me vlerë nga ato të ofruara;**

Понудата и запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје по моделот на одредување на минимална цена со давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот. На тој начин не постои можност за продажба на повеќе корпоративни обврзници од понудените со јавната понуда.

При утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

обврзница I –ва емисија) од понудените во јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

- **Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продават во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати;/ Nëse në aktin për emetim të letrave me vlerë është paraparë që letrat me vlerë të shiten në lots, ceken të dhënat për shumën më të vogël dhe/ose më të madhe që mund të regjistrohet dhe paguhet;**

  Најмалиот износ кој може да се запише е 1 (еден) лот кој е 1 (една) обврзница.

- **Начин на плаќање на хартиите од вредност, утврден согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;/ Mënyra e pagesës së letrave me vlerë, e përcaktuar në përputhje me rregullat e një burse të autorizuar përmes së cilës do të kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë dhe rregullat e një depozitari të autorizuar ku janë të regjistruara letrat me vlerë të emetuesit;**

  Долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) се уплатуваат во пари. Плаќањето се врши во денари согласно важечката законска и подзаконската регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

  Уплатата се врши наеднаш.

  Средствата за купување на корпоративните обврзници, купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје.

  Членките на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, уплатените средства за купување на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративни обврзници) кои се предмет на продажба по пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во Комерцијална банка АД Скопје отворена за таа намена бр. **300-0000054503-69**, на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

- **Податок за бројот на посебната сметка во банка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда;/ E dhëna për numrin e llogarisë së posaçme në bankë në të cilën do të mbahen të gjitha pagesat e bëra nga blerësit deri në përfundimin e ofertës publike;**

  Сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда ќе се чуваат на посебна сметка отворена во Комерцијална банка АД Скопје за таа намена бр. **300-0000054503-69**.

- **Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност;/ Të dhëna (emërtimi, selia, adresa dhe numri i telefonit) për një bursë të autorizuar përmes së cilës do të kryhet regjistrimi i letrave me vlerë publikisht të ofruara, me të cilën emetuesi ka përmbyllur marrëveshje për këtë dhe për personat e autorizuar juridik – anëtarë të bursës së autorizuar dhe depozitarit të autorizuar dhe koha në të cilën palët e interesuara do mund të regjistrojnë dhe blejnë letra me vlerë;**

  Запишувањето на јавно понудените долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница I –ва емисија) ќе се врши преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, ул.Орце Николов бр.75, 1000 Скопје (тел. +389 (2) 3122 055) – овластена берза со која ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје склучи договор заведен кај Друштвото под бр.0307-371/2 на 10.03.2026 година и заведен кај Македонска берза под бр. 03-274/1 од 10.03.2026 година.



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат од јавно понудените долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница I –ва емисија):

| Назив и адреса | телефони |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје<br>Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, "Орце Николов" 3, 1000 Скопје | +389(2) 3247 431<br>+389(2) 3247 440<br>+389(2) 3168 324 |
| Стопанска банка АД Скопје<br>Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, ул. "11 Октомври" бр.7 – 1000 Скопје | +389(2) 3295 405<br>+389(2) 3295 406<br>+389(2) 3295 407 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје<br>Служба за услуги со хартии од вредност, ул.Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје | +389(2) 5100 351<br>+389(2) 5100 352<br>+389(2) 5100 354<br>+389(2) 5100 357<br>+389(2) 5100 387 |
| ТТК Банка АД Скопје<br>Оддел за работа со хартии од вредност, ул.„Народен фронт" бр. 19а, Скопје | +389(2) 3247 000<br>Локали:<br>495, 496, 497 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје<br>ул."Истарска" бр.33, 1000 Скопје | +389(2) 3110 280 |
| ЕУРОХАУС АД Скопје<br>бул."Св.Климент Охридски" 52-а, влез1, кат2, бр.5 (зградата Аркадија),1000 Скопје | +389 (2) 3217 093<br>+389 (2) 3217 095 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје<br>ул. "Св.Климент Охридски" бр.45 кат 1 локал 8, 1000 Скопје | +389 (2) 3296 853 |
| Иново Брокер АД Скопје<br>бул."Теодосиј Гологанов" бр.60/1-4, 1000 Скопје | +389 (2) 3120 941 |
| Шпаркасе банка АД Скопје<br>Служба за работа со хартии од вредност, ул.„Македонија" бр.34 Скопје-Центар, Центар | +389 (2) 3200 785<br>+389 (2) 3200 582<br>+389 (2) 3200 586 |
| Фершпед Брокер АД Скопје<br>ул."Македонија" бр.11-А, 1000 Скопје | +389 (2) 3219 310 |
| Халк банка АД Скопје<br>ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје | +389 (2) 3285 628<br>+389 (2) 3285 728<br>+389 (2) 3285 450 |

- **Известување дека проспектот е достапен за јавноста и место каде потенцијалните инвеститори ќе може да го добијат проспектот./ Njoftim se prospekti është i qasshëm për publikun dhe vendi ku investitorët potencial do mund të marrin prospektin.**

Проспектот и документацијата поврзана со јавната понуда на долгорочните должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија), достапна е на интернет страницата на издавачот ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје www.iute.mk и во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска берза АД Скопје, интернет страницата на Македонска берза АД Скопје www.mse.mk, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница I –ва емисија) издадени од ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.



**ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,**
**застапувано од Биљана Мишиќ,**
**Управител**

Финансиско друштво ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје